# POTENTIAL FOR ECOTOURISM IN GEVGELIA REGION

**Tanja Angelkova Petkova**
Faculty of tourism and business logistics, Goce Delchev University of Stip, N. Macedonia,
tanja.angelkova@ugd.edu.mk
**Vladimir Kitanov**
Faculty of tourism and business logistics, Goce Delchev University of Stip, N. Macedonia,
vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Abstract:** Tourism at the end of the previous century has become part of the world's largest economy, and ecotourism one of the fastest growing sectors. Ecotourism is based on the controlled use of natural and cultural elements of the environment.
This trend, known as ecotourism, promotes socially responsible travel and environmental sustainability. Aims to provide a better understanding of the interrelation ship between tourism and the environmental and to contribute to achieving a symbiotic relationship.
The purpose of this paper is to show what the resource potential of the southeast region, specifically Gevgelija region for the development of ecotourism. Exploiting the tourism potential of Gevgelija can promote itself as an interesting tourist destination where mountain Kozuf, and the natural beauty of Sermenin, Konsko, Huma and other interesting places can be visited. Based on the findings of the research are given the represented and potential forms of tourism operations in the region.
**Keywords:** ecotourism, Gevgelija region, touristic destination

# ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА ЕКОТУРИЗАМ ВО ГЕГВЕЛИСКИ РЕГИОН

**Тања Ангелкова Петкова**
Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
tanja.angelkova@ugd.edu.mk
**Владимир Китанов**
Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Туризмот на крајот на предходниот век стана дел од најголемата светска економија, а екотуризмот еден од најбрзо растечките сектори. Екотуризмот се базира на контролирана експлоатација на природните и културните елементи на животната средина.
Овој тренд, познат како екотуризам, го промовира социјално одговорното патување и еколошката одржливост. Има за цел да обезбеди подобро разбирање на меѓусебните односи помеѓу туризмот и животната средина и да придонесе за остварување на симбиотички односи.
Целта на овој труд е да покаже каков е ресурсниот потенцијал на југоисточниот регион, поточно Гевгелискиот регион, за развој на еко-туризам. Искористувајќи ги туристичките потенцијали Гевгелија може да се афирмира како интересна туристичка дестинација во која можат да се посетат Кожуф планина, како и природната убавина на Серменин, Конско, Хума и многу други интересни места. Врз база на добиените сознанија од научно-истражувачката работа се дадени застапените и потенцијалните облици на туристичкиот промет во регионот.
**Клучни зборови**: екотуризам, гевгелиски регион, туристички дестинации

## 1. ВОВЕД

Екотуризмот е еколошки одржлив туризам, којшто првенствено промовира посета на природни убавини каде што се почитува и поттикнува заштитата на животната средина и на локалните специфичности. Екотуризмот е термин што често се употребува. Понекогаш, се употребува едноставно за идентификување на форма на туризам каде што мотивацијата на посетителите и аргументот на продавачите зависи од набљудувањето на природата. Се повеќе и повеќе екотуризмот се нарекува „туризам на природата“. Вистинскиот екотуризам бара активен пристап со цел да ги ублажи негативните реперкусии и да ги фаворизира позитивните влијанија на природниот туризам.

Станува збор за нов вид туризам, современ, со голема перспектива и претставува важна гранка во туристичката индустрија. Тој се создава и брзо се развива како алтернатива на масовниот туризам. Се базира на одговорно искористување на природата и се користи како инструмент за постигнување на одржлив развој. Секогаш се грижи за водење и сместување на мали групи туристи во природни области со интегрирани образовни програми и тесна соработка со локалното население (Мурати М., 2011).
Екотуризмот го вклучува почитувањето не само на природата туку и на домашните култури доминантни во природните области, како составен дел од искуството на посетителот, содржи едукативна форма која што е дел од туристичката понуда. Петежно е организиран за мали групи на туристи, исто така ги ограничува негативните реперкусии врз природната и социокултурната околина. Со овој вид на туризам се поддржува заштитата на природните простори, генерирајќи економски предности за оние кои управуваат со нив и овозможува алтернатива на локалните жители во вид на приход и вработување, а со тоа се зголемува и свеста на локалното население и на посетителите во корист на заштитата на околината.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ЕКОТУРИЗАМ

Екотуризмот претставува современа форма на туристичка алтернатива. Таа произлегува од суштествената потреба на човекот за враќање кон природата, во услови кога под наплив на урбанизацијата и индустрилизацијата доаѓа до потиснување на „чистата природа“ (http://www.cosmoinnovate.com.mk).
Иако потеклото на терминот „еко-туризам“ не е целосно јасен, еден од почетниците кои го користел овој термин се чини дека е Hetzer, според кој се идентификувани четири „столбови“ или принципи на одговорен туризам: минимизирање на влијанијата врз животната средина, почитување на домашните култури, максимизирање на придобивките на луѓето на локално ниво и максимизирање на туристичкото задоволство (Weaver, 2001).
Првата формална дефиниција на концептот на еко-туризмот ја има дадено Ceballos - Laskurin. Тој се фокусира на важноста на природните области, когнитивно и афективно однесување.
По детални и сеопфатни проучувања на терминот екотуризам и неговото значење, почетната дефиниција е модифицирана, и истата гласи: „Екотуризмот е еколошки одговорно патување и посетување на релативно недопрени природни области, со цел уживање и восхит кон природата (и сите придружни културни карактеристики од минатото и сегашноста) и промовирање на конзервација, со мало негативно влијание на посетителите и обезбедување на социо - економски придобивки за локалното население кое е активно вклучено во екотуристичкиот бизнис“ (Weaver, 2001).
Оваа дефиниција укажува дека постои активно вклучување на сите учесници во туристичкиот бизнис, што може да се примени и во Гевгелискиот регион:

- туристи кои ги користат придобивките од чистата природна средина;
- туристичките работници, кои според сиситемот на конзервација на поедини делови на животната средина обезбедуваат долгорочно користење на ресурсите;
- локално население, кои ја користат животната средина за екотуризам треба да обезбедат одржливи социјални и економски бенефити (Ceballos-Lascurain 1996).

Инаку, во Европа и во светот, поимот екотуризам се јавува во втората половина на XX век и е поврзан со современиот тренд на „одржлив развој“. За разлика од масовниот туризам кој е поврзан со „популарни“ туристички дестинации, екотуризмот укажува на престој на индивидуи, семејства и помали групи туристи во планински подрачја, селски средини, подрачја заштитени со закон и др., на таков начин што тие би се „вклопиле“ во природната средина (Милевска).
Екотуризмот го дефинираат и како: „природен туризам кој туристите го остваруваат преку посетување на дестинација, комбинирајќи една од трите основни причини (едукација, рекреација и авантура)“ (Laarman and Durst 1987).
Во трудовите на Милер терминот екотуризам почнал да се употребува уште во далечната 1987 година, додека во 1991 година, Меѓународното друштво за туризам (ТИЕС) ја формулира првата дефиниција за екотуризам што гласи: „Екотуризмот е одговорно патување во подрачјата на природата, со што се зачувува животната средина и се одржува благосостојбата на локалното население“ (Мурати , 2011).

## 3. ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН – ГЕВГЕЛИСКИ РЕГИОН

Општина Гевгелија е распослана на површина од 317km$^2$ и се наоѓа на надморска височина од 64м. Денес оваа општина ја сочинуваат 11 населби од кои 9 се постојано населени: Негорци, Серменин, Богородица, Мрзенци, Прдејци, Ново Конско, Кованец, Моин, Хума. Овде живееат околу 20.000 жители, односно 6.000 домаќинства, главно Македонци. Природните, климатските и географските погодности, како и богатото

природно и културно наследство во општина Гевгелија овозможуваат подеднаков развој на транзитниот, планинскиот и бањскиот туризам. Но истовремено, ги обезбедуваат потребните предуслови за развој на екотуризмот, културниот и руралниот туризам.

| | |
|---|---|
| **Клима** | Во Гевгелискиот микро регион се карактеризира со медитеранска и континентална клима, која во текот на целата година условува топли денови. Овој микро-регион има повеќе од 240 сончеви денови во годината што претставува најсончан крај во РМ. |
| **Воздух** | Во регионот не се регистрирани сериозни постојани места за загадување на воздухот од индустриските претпријатија. Тешко е да се предвиди ризикот од повремени, краткорочни локални загадувања на воздухот. Во областа нема регион класификуван како еколошка жешка точка. Правот е главниот загадувач на воздухот. |
| **Води** | Дојранското Езеро е изолиран екосистем со мошне специфични флора и фауна, кои што се загрозени. Во последниве две години нивото на водата во Езерото се зголеми, како резултат од подобрената хидролошка состојба, со изградба на системот за наводнување Ѓавото. Од површинските води главен водотек е р. Луда Мара која не се одликува со поголеми и постојани протеци. На реката е изградена акумулацијата Паљурци чија намена е наводнување на обработливите површини. Акумулацијата е со корисен волумен од 2,8 x 106 м3. По изградбата на акумулацијата често коритото на р. Луда Мара е суво. |
| **Биодиверзитет** | Како резултат на климатската, релјефната и почвената разноликост, југоисточната област се карактеризира со различна флора и фауна. Сепак, таа лесно може да биде загрозена од економски активности, градежништво итн. Во регионот постојат области со загубени, фрагментирани и изменети живеалишта, со намалени и уништени екосистеми. Основни причини за загубите се: непочитување на важечкото законодавство, слаби системи на контрола, ниско ниво на образование, недостиг од информации, нестабилен економски развој и сиромаштија, недостиг од интегрирано планирање итн. |

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕКОВНАТА/СЕГАШНА СОСТОЈБА

Општо земено, локалното население, селските заедници и малопоседниците се слабо организирани, што значи дека како учесници во пазарот тие не можат да го искористат потенцијалот на продажните цени на нивните производи. Слабиот раководствен и технички капацитет е главното ограничување за нивниот развој и ги прави заедниците да бидат ранливи од надворешните притисоци да вршат незаконски активности. Немањето пристап до капитал е честа и основна пречка зашто локалното земјиште ретко може да се користи како гаранција, а банкарскиот сектор нема многу или сеуште нема доволно разбирање за финансирањето и инвестирањето во екотуризмот.

Заедниците и малопоседниците се исто така во неповолна положба кога треба да ги исполнат побарувањата на пазарот, кои стануваат се поголеми и покомплексни. Побарувањата како на пр. проверката на правното усогласување, потврдувањето на одрживите практики и утврдувањето на потеклото на еколошките производи може да претставуваат голем предизвик.

## 5. ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА ЕКОТУРИЗАМ ВО ГЕВГЕЛИСКИОТ РЕГИОН

Гевгелискиот регион е едно од подрачјата во Македонија кое располага со големи потенцијали за развој на екотуризмот, пред се во однос на природно-географските фактори и услови. Почнувајќи од релјефните особености кои се токму „во контекст“ на еколошкиот туризам, бидејќи не станува збор само за планински падини погодни за типичен ски туризам, или за останати видови на масовен туризам, туку нудат најпогодни можности за кратки излети, прошетки, уживање во природата без напрегање, бучава и сл.

Со познавањето на природно – географските компоненти се добиваат точни сознанија за состојбата со природните услови на гевгелискиот регион кое нешто ни пружа можност и една сигурност да влегуваме во сферата на креирањето на туристичкото стопанство врз база на постојаните природни услови (релјеф, клима, хидрографија,...). Значи, се додека претходно не се проучат и детерминираат карактеристиките на природниот потенцијал, водечка улога во вреднувањето има географскиот метод, а во следната фаза откако ќе се добијат точни информации и показатели за вредноста на природните компоненти може да се пристапи кон нивна економска оцена. Една од поважните компоненти на истражувачката работа на природните фактори е познавањето на нивното настанување и развој, разни влијанија и меѓузависности кои истите ги менуваат, како и сопствените променливости.

Потенцијалите на овој простор се стремат за развој на т.н. нестандарден вид туризам „екотуризам“ каде човекот ќе може да ги користи природните блага, но во исто време треба да се внимава и истите да не ги загади или уништи. Покрај природно-географските како можности за развој на екотуризмот треба да се земат во предвид и одредените социо-економски карактеристики. Тука, пред се, се мисли на селските населби, кои од една страна претставуваат база каде ќе се сместуваат туристите и од каде ќе се упатуваат во одредени атрактивни простори, а од втора страна селата како основа за т.н. селски туризам.
Земјаќи го предвид Ски – центарот Кожуф, (Кожув планина која е една од највисоките планини во Македонија , со врв Зелен Брег - 2176m) на кој освен зимскиот туризам може да се воведе и екотуризмот, попатни се и селските населби кои пак се идилични за развој на екотуризам и изобилуваат со целокупниот свој потенцијал. Тоа се с. Конско, с, Хума, с. Серменин, Смрдлива вода и други.

## 6. ПРЕПОРАКИ И ПРИДОБИВКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОТУРИЗАМ ВО ОВОЈ РЕГИОН

Регион располага со природен капитал, со флора и фауна кои заслужуваат да бидат откриени, а извесно е дека за неколку години екотуризмот може да биде еден од главните извори на приход на Балканот, со оглед на тоа што европските туристи сé повеќе се ориентираат кон алтернативните туристички дестинации.
Станува збор за планински населби кои зафаќаат доволно слободен простор за развој на руралниот или екотуризам кој би произведувал природна-чиста или биолошка екохрана. Еко села или населби чие население би се едуцирало за организирање на производство на голем број екопродукти, би се организирале во еко и туристички задруги, потоа би одржувале еко саеми, би организирале и пречекувале разни туристи кои би се запознавале со начинот на живеење, традицијата, културата, а притоа би престојувале во еколошки чиста средина.
Одделни видови на ресурси се идентификувани како приоритет за развој на екотуризмот, како што се:

- Природната средина: подобрување на управувањето и избегнување на прекумерното искористување на природните ресурси; препознавање на вредноста на екосистемските услуги, развој на меѓународните коридори со кои ќе се задоволат економските, социјалните и еколошките потреби;
- Обновливи извори на енергија: зголемување на учеството на користење на обновлива енергија од водата, сонцето, ветерот и биомасата;
- Разновидност на традиоционални квалитетни земјоделски и шумски производи: ставање акцент на органското земјоделско производство, производство на здрава храна и традиционални производи како што се сирење, вино, мед, зачини, чај и сл. Интегрирано управување во земјоделството и шумарството, засновано на одржлив економски и еколошки пристап;
- Валоризација и промовирање на културното наследство: вклучувајќи традиционална архитектура, занаетчиство, народни носии и развој на еко-туризам.
- Интелектуална енергија и човечки ресурси: со посебен акцент на превенцијата на емиграцијата како последица од губење на ресурси.

За сето ова да се реализира, потребно е интензивно финансирање и проекти за поддршка на малите бизниси и претприемништвото, како и истражување на туризмот и од сферата на туристичката демографија и демогеографија, дисциплини кои недоволно се третираат во туристичките истражувања. Очигледно е дека во Гевгелискиот регион има потреба од координиран пристап за зајакнување на екотуризмот во мали размери, како и во целата земја воопшто.
Затоа инвестирањето не треба да ги покрие само финансиските тешкотии и проблеми туку треба да се осврне и на основната поддршка за градење на капацитети и условите за рамковна политика, како на пример законодавството и институционалната поставеност кои се однесуваат на екотуризмот.
Најдобар начин за да се покрене овој процес, потребно е да се овозможат неповратни кредити или други финансиски средства со одредени поволности кои ќе го стимулираат населението, да може да ги реконструира, да ги преуреди руралните објекти и да ги приспособи за туристички потреби. Во состојба на голема невработеност на населението од околните градски и селски средини, ова би било чекор во вистински правец - без некои крупни вложувања би се остварувал солиден приход, пејсажот ќе го измени својот изглед, па дури би можело да се очекува активирање на невработеното население или нивно „гравитациско“ приближување до селските средини од каде емигрирале пред неколку децении. Според сегашните размислувања, ако оптимално се организира просторот за изведување на екотуристички програми попатните села Серменин, Конско и Хума би можеле да прераснат во вистински екотуристички населби, пред посетата на Кожуф.
На локално ниво, треба да се преземат посебни мерки за ограничување на влијанието врз животната средина и за зголемување на локалните придобивки што придоаѓаат од екотуризмот. Вниманието упатено кон

деталите во одреден број на аспекти на развојот и на работењето на екотуристичките проекти може да го подобри нивното спроведување.

Со цел да се ограничи протекувањето на капиталот, сите напори треба да се спроведат за употреба на локални производи и услуги и за фаворизирање на вработување на населението. Ова може да бара преземање на мерки за идентификување на локалните извори. Производувачите може да бидат помогнати со воспоставување на групи и локални мрежи и со асистенција во однос на контакти, маркетинг и одредување на цени. Изградба на сместувачки капацитети во селските рурални подрачја, со промоција на органска храна од овие подрачја, развојот на екотуризмот само ќе го зголеми доменот на својот раст, а населението финансиски ќе се поткова. Добар начин да се поттикнат идеите, да се даде доверба и да се пренесат знаењата може да се направи преку контакти, посети или средби со други проекти кои што имале искуство во спроведување и развој на екотуризам врз база на локално ниво.

## 7. ЗАКЛУЧОК

И покрај убавините, природата и мирот кои ги нудат ваквите туристички потенцијали на општина Гевгелија неможат да се занемарат негативните ефекти и тоа: неасфалтираниот пат кој води низ селата Серменин, Хума и Конско, немањето редовна автобуска линија до Гевгелија, немање продавница во селата која би работела переку цела година, прекини во напојувањето со струја.

Неопходни се инвестиции за да може да се остварат идеите. Веќе постојат некои објекти кои со корекција би можеле да послужат како објекти за сместување и слично. Исто така и физиономијата на куќите е погодна за сместување гости кои ќе уживаат во селска идила и селски амбиент.

Недопрената природа, чистиот воздух и чистата планинска вода се само дел од природните убавини кои ги нуди ова место. Со нивна валоризација и помош од инвеститори и донации би можеле истите да се вклучат во туристичката понуда и со својот квалитет директно да дејствуваат врз развојот на екотуризмот.

Од туристички аспект овој регион сеуште е недоволно истражуан, и би можено да се каже, дека е неискористено природно богатство. Овие планински подрачја располагаат со извонредни природни вредности за развој на туризмот кој го надополнува богатото културно-историско наследство. Со валоризацијата на туристичките вредности би се унапредил економскиот развој на подрачјето, преку туризмот, како сложена општествено-економска активност која вклучува многу различни видови и структурни способности (економски, културни, технолошки, еколошки и др.). Со развојот на екотуризмот, со зголемената туристичка потрошувачка, истовремено би се унапредила благосостојбата на жителите на подрачјето и зачувувањето на природното и културното богатство за идните генерации.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Влада на РМ, Министерство за економија, (2009), Предлог: Национална стратегија за одржлив развој на Македонија, Дел III: Стратешки основи и анализа

Влада на РМ, Министерство за економија, (2011), Техничка помош за ревизија и имплементација на националната стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2009-2013, /Светска банка БЕРИС проект

Влада на РМ, Министерство за економија, Предлог програма на Владата на РМ за периодот 2011-2015, Заштита и унапредување на животната средина и природата, http://vlada.mk

Angelkova, T., Cvejic, R., Madžgalj, J., & Kuka, M. (2014). Sustainable rural tourism in the revitalization of villages in the border region between Macedonia and Serbia. Scientific professional society for environmental protection of Serbia - Ecologica (73). pp. 18-25. ISSN 0354–3285

Angelkova, T., Stanojkova, M., & Atanasova, L. (2017). Значењето на планината Кожуф врз развојот на туризмот во општина Гевгелија. In: Зборник на трудови од втората меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката", 27 May 2017, Stip, Macedonia.

Buckley, R. (2009). Ecotourism: principles and practices. CABI, 5

Ceballos-Lascurain, H. (1987). The future of 'ecotourism'

Calkov, P., & Angelkova, T. (2013). Ecotourism contemporary type of tourism. First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, 14-15 June 2013, Nis, Serbia.

Ecotourism: competing and conflicting schools of thought, James Higham, pp.2, (Ceballos-Lascurain 1996)

Fannel, D. A. & Dowling, R.K. (2003). Ecotourism policy and planning

Genov, G. (2010), Turizam posebnih interesovanja selektivni oblici turizma, Visoka turisticka skola, Beograd

Higham, J.E.S. (2007). Critical issues in ecotourism: understanding a complex tourism phenomenon. Elsevier, Butterworth Heinemann

Мурати М., (2011), Екотуризам-современ туризам, http://money.mnogoo.mk/mk
План за развој на Југоисточниот плански регион, (март, 2008)
Petrov, Nikolco and Angelkova, Tanja (2017) Нови перспективи во екотуризмот – „off the grid“ туризам. In: Зборник на трудови од втората меѓународна научно-стручна конференција “Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката”, 27 May 2017, Stip, Macedonia.
Razvojne tendencije ekoturizam Srbije, (Laarman and Durst 1987, 5)
Stetic S., (2007), Posebnih oblici turizma, Beograd, 150-154
Todorovic M., Stetic S., (2009), Ruralni turizam, Geografski Fakultet, Beograd, 35-40
УНДП проект, (2010), Туристички акционен план на општина Гевгелија и општина Валандово
УНДП, Локално управување за одржлив човечки и економски развој, (2006), Стратегија за оржлив развој на општина Гевгелија, (2006-2011), Гевгелија
Wearing S., Neil J., (2009), Ecotourism: Impacts, Potentials and Possibilities, University of Technology School of Leisure, Sport and Tourism Sydney, New South Wales, Australia
Weaver D.B., (2001), The Encyclopedia of Ecotourism, CAB International
Weaver D.B., (2001), CAB International, The Encyclopedia of Ecotourism
http://www.cosmoinnovate.com.mk, Алтернативен туризам
http://www.igeografija.mk, Анита Милевска